ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; Matični broj: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; www.zmurh.hr ; e-mail: info@zmurh.hr ; zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 57 – 1/2007
Загреб, 24. 03. 2007.

# З А П И С Н И К

од **12. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **24.03.2007. година** со почеток во **12.20 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни:** Ангел Митревски – претседател на Заедницата, Ј. Цветичанин – Осиек, Б. Штерјов – Загреб, М. Мајиќ – Задар, И. Христодулов – Риека и Н. Гроздановски – Загреб.

**Отсутни:** Претставник – Пула.

**Гости:** Е. Петровска – секретарка на Заедницата, С. Руменовски – министер советник на Амбасадата на РМ во РХ, Марија Бан – член на НО на Заедницата, Звонимир Мишо Папо – Осиек, М. Апостоловска – главна уредничка на „М. глас„ О. Бојаџиски – член на РО на „М. глас„ В. Чакмак – член на уредништвото на „М. глас„ и М. Паризоски – дописник на „М. глас" – Загреб.

Седницата ја водеше прет. на УО на Заедницата, А. Митревски. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, тој ги поздрави сите присутни и ги информира дека по седницата ќе се одржи пријателска средба со Павле Филипов Воскопулос, член на колективното раководство на ЕСА – Виножито како и со останатите гости од Егејска Македонија. Во продолжетокот на седницата, претс. го прочита дн. ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Решавање на тековните прашања за списанието „Македонски глас„ и усвојување на донесените одлуки;
2. Усвојување на записникот од 11-та седница;
3. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за период од 01.04.-30.06.2007. – друштвата се должни својот информатор да го поднесат на седницата во писмен облик во 2 копии (едната останува како прилог на записникот во архивата на Заедницата, а другата ќе се доставува до Амбасадата на РМ во РХ), а останатите 5 копии на Информаторот, друштвата меѓусебно директно треба да си ги проследат пред седницата;
4. Усвојување на „Планот и програмата на работа за 2007. година со финансиска конструкција„ изработен врз основа на Одлуката на Советот за националните малцинства во РХ за доделување на финансиски средства за 2007. година и донесување на одлуки за остварување на планираните програми во наредниот период (формирање работни тела);

5. Усвојување на новиот предлог на Деловник за начинот и работата на УО на Заедницата;
6. Договор околу предлогот за новиот Деловник за начинот на работата на Собранието на Заедницата кој ќе биде даден на усвојување на редовното Собрание на Заедницата;
7. Донесување на одлука за датумот на одржувањето на редовното Собрание на Заедницата, како и за припремните постапки и работните тела на истото;
8. Разно.

**Ад. 1.** Претс. А. Митревски и даде збор на М. Мајиќ која ги изнесе проблемите врзани со соработката со главната уредничка на „М. глас„ М. Апостоловска (прилог). Тука пред се, стана збор за изборот на објавување на текстовите во списанието. Во расправата се вклучија и членовите на РО на „М. глас„ кои го изнесоа своето мислење дека вакви проблеми не се решаваат и не се тема за УО на Заедницата, туку за седниците на Колегиумот на „М. глас„. Поради тоа, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука**:

- Секое друштво писмено да се очитува до УО на Заедницата со анализа за квалитетот на „М. глас„.

Главната уредничка даде неколку нови предлози за „М. глас„ за кои, претс. А. Митревски ја замоли да ги достави до Заедницата во писмен облик, да може да се расправа за истите на следниот УО на Заедницата.

**Ад. 2.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 11. седница на УО на Заедницата.

**Ад. 3.** На оваа седница обавезниот Информатор беше припремен и предаден од страна на сите друштва и од Заедницата, освен друштвото од Пула (прилог). Претс. А. Митревски даде рече дека дошло до недоразбирање на минатата седница, со тоа да припремата на информаторот во изминатиот период се подразбира и дека тој ќе се припрема и понатака, заедно со информаторот за активностите на друштвата за идното тромесечје.

**Ад. 4.** Претс. А. Митревски го претстави на присутните „Планот и програмата на работа за 2007. година со финансиска конструкција„ кој беше изработен врз основа на Одлуката на Советот за националните малцинства во РХ за доделување на финансиски средства за 2007. година (прилог). М. Мајиќ ги замоли членовите на УО да му се помогне на друштвото од Задар со уште 5.000,00 кн. од Заедницата, со оглед на тоа дека Советот за нац. малцинства за оваа година им одобрил само 30.000,00 кн. за програмите. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Да се причека до третиот квартал со одлуката за помош со уште 5.000,00 кн. за друштвото од Задар додека не се створат услови за тоа (**со еден глас против**);
- За следната година, предлог-програмите на време да се припремат и разработат за да можат одговорно да се претставаат до Советот за нац. малцинства за доделување на средствата;
- До идната седница, да се припремат предлог-програмите на друштвата за останатите конкурси за доделување на средствата за 2008 година (летен камп и сл.);
- Се дозволуваат службени патувања на членовите на УО на Заедницата и на секретарката на Заедницата на културните манифестации на друштвата кои се ставени во Планот и програмата на Заедницата, на трошок на Заедницата;
- За јубилејната културна манифестација „10. Денови на браќата Миладиновци„ во Осиек и Ѓаково (8. и 9. јуни) членови на организацискиот одбор за оваа

манифестација (освен членовите од друштвото од Осиек) се: А. Митревски, С. Руменовски и Е. Петровска;
- За културната манифестација „16. Денови на македонската култура Св. Кирил и Методи„ во Сплит (од 23.-25. мај) членови на организацискиот одбор за оваа манифестација (освен членовите од друштвото од Сплит) се: Ј. Цветичанин и Е. Петровска.

**Ад. 5.** За оваа точка, беа предложени неколку измени на новиот предлог на Деловникот за начинот и работата на УО на Заедницата (прилог). Поради тоа, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука**:
- Да се доставаат до сите друштва предлозите за измените на Деловникот и да се разработат и прецизираат до идната седница на УО на Заедницата.

**Ад. 6.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука** за прифаќање на предлогот за новиот Деловник за начинот на работата на Собранието на Заедницата кој како таков, ќе биде даден на усвојување на редовното Собрание на Заедницата (прилог).

**Ад. 7.** За одржувањето на седницата на редовното Собрание на Заедницата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:
- Седницата на редовното Собрание на Заедницата да се одржи на 28.04.2007. година со почеток во 12.00 часот, во просториите на „Зелена акција„ Франкопанска 1;
- Членовите на Надзорниот одбор да извршат контрола и припремат Записник за Собранието за финансиското работење на Заедницата во временскиот период од минатото Собрание до 01.04.2007. година;
- Сите друштва за Собранието да припремат во писмен облик предлог за кандидат на ниво на УО на Заедницата, за именување на нов потпретседател на Заедницата на местото на В. Апостолски.

**Ад. 8.** Под точката разно се расправаше за повеќе теми. Како новост, претс. ги извести присутните дека е склучен **Уговор за финансиска потпора на промоции на книги од македонски автори во 2007. година** со Градскиот уред за образование, култура и спорт на Град Загреб во вкупен износ од 15.000,00 кн. По расправата која се водеше, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:
- Од 01.04.2007. година, на адм. секретарка на Заедницата, Е. Петровска да и се исплатува плата во износ од 3.000,00 кн. нето месечно заедно со сите други обврски према Законот (зголемување од околу 11`% во однос на досегашните примања кои изнесуваа 2.700,00 кн. нето);
- Продажната цена на монографијата „МКД Б. Миладиновци Осиек„ од Б. Јовановски да изнесува 50,00 кн., а за јавен откуп до меродавните институции 100,00 кн.;
- Продажната цена на книгата „Македонци во Хрватска„ од О. Бојаџиски да изнесува 50,00 кн., а за јавен откуп до меродавните институции 100,00 кн.; од вкупниот тираж на таа книга од 600 примероци, на авторот му се даруваат 50 примероци;
- Доколку не е нарачано некое дело кое е во интерес за издавање од Заедницата, туку е авторско лично дело, за такво дело во иднина нема да се исплатува авторски хонорар од одобрените средства;
- Друштвото од Риека да прати до сите друштва допис за откуп на 5 примероци од нивната монографија „МКД Илинден Риека„;
- Постарите изданија на книги кои се печатени од страна на Заедницата, а кои Заедницата ги има во поголеми количини (повеќе од 50 примероци), да се даруваат на друштвата и останатите македонски асоцијации (Амбасада, МПЦ и сл.);

- Почнувајќи од 01.04.2007. година, да се склучи Договор со МКД „Охридски бисер„ од Загреб и МПЦО „Св. З. Мегленска„ за уредување на меѓусебните односи и услови за користење на дел од просториите на Заедницата, а со цел за подмирување на дел од вкупните режиски трошоци на Заедницата и тоа на начин – ЗМРХ 40%, МКД „Охридски бисер„ 35% и МПЦО 25%;
- Да се одржи во Загреб промоција на монографијата „МКД Б. Миладиновци Осиек„ од Б. Јовановски со дел од средствата кои се доделени од градот за таа намена;
- Да се подмират патните трошоци (автобуска карта и една дневница) за учеството на М. Паризоски на „3. Отворен Хрватски куп за новинари во варење на брудет„ кој ќе се одржи од 20-22. април во Опатија и Матуљи;
- Проблемите со сметката од 23.05.2003. година (ресторан „Обртнички дом„ на износ од 1.787,00 кн.), која била направена од страна на Заедницата, а сеуште не е платена, како и опомената за сметката од минатото одржување на маниф. „Илинден„ во Голубињак на 3.000,00 кн., се оставаат на И. Христодулов да проба да ги реши до истекот на рокот од 8 дена, во спротивно, Заедницата ќе мора да ги подмири истите;
- Барањето од издавачката куќа „Прометеј„ за откуп на 300 примероци на книгата „Крлежа и Македонија„ од О. Бојаџиски по 25,00 кн. по примерок, не се прифаќа поради ионака големиот број на примероци од таа книга во Заедницата;
- Во иднина, доколку ќе има потреба, на членовите на УО да се исплатуваат службени патувања на терет на Заедницата, со израчун на реалните трошоци на патот (една дневница и километража на поминатиот пат со автомобил во една насока).

Потоа, претс. А. Митревски во кратки црти ги извести присутните за ситуацијата со друштвото од Пула и кажа дека од управата на Град Пула е речено дека се работи на комплетирање на списокот на членовите на друштвото и дека се предвидува одржување на изборно Собрание во април оваа година. Исто така, напомена дека во разговорот со И. Качуров, а врзано со проблематиката за тужбата со Заедницата и иселувањето на подвижната имовина на МКД „К. Мисирков„ добил назнаки за разрешување на тој проблем со повлекување на тужбата и иселување на подвижната имовина од просториите на Заедницата во текот на наредните две недели, со што на тоа друштво веднаш ќе му бидат исплатени средствата кои му ги должи Заедницата во вкупен износ од 6.097,81 кн. Со тоа, сите теми по оваа точка беа исцрпени.

На крајот, претс. А. Митревски ја затвори седницата со повторна покана на присутните за учество во пријателската средба со Павле Филипов Воскопулос и останатите гости од Егејска Македонија.

Седницата заврши во **15.50** часот.

Записничарка:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретарка на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Дипл.инг. Аџгел Митревски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ